Renens, 20 Juli 2005

# Биографија
# На Македонското Друштво Пирок од Renens

Друштвото го формиравме на 23-ти септември 2000 година. Името го доби со согласност на членовите од друштвото. Местото ПИРОК се наоѓа во подножијето на планината Беласица над селото Мокриево, тоа место е познато по традиционалниот празник (панделемон) кој се слави на 9-ти август а патерицата на 10-ти август посветена на печалбарите наречена панделемонски печалбарски средби.

Секоја година Друштвото Пирок на тоа место организира забави со екстрадни уметници, хумористи, играорни групи и други забави. Имаме гости од сите крајеви на Македонија и од странство.

Друштвото Пирок за овие 5 години постигна многу голем успех и врвен резултат и набргу почна активно да работи и ја дава својата хументарна помош.

Во 2002-ра година доделивме компјутери и компјутерска опрема на училиштето Гоце Делчев во С. Босилово Струмичко.

Во 2003-та година целосно ја финансира изградбата на матичната служба во С. Мокриево. Господинот генерален конзул на Р. Македонија кој живее и работи во Женева Владимир Ралев ја пушти воупотреба на 10-ти август 2003-та година која свечено беше отворена пред неколку илијади луѓе.

Бевме вклучени во хументарната акција на швајцарската асоциација SWISS-COR за децата инвалидни што 101-но дете беа дојдени од Македонија. Друштвото Пирок и други македонски друштва ги посетивме децата каде што беа сместени во кантон Grisons.